**Записник од Годишното собрание на МНЗА**
**(за периодот декември 2021 година-декември 2022 година)**

Годишното собрание на МНЗА се одржа на 23.12.2022 година, преку платформата Microsoft Teams. На годишното собрание присуствуваа: проф. д-р Владимир Трајковски, Весна Филиповска, м-р Фики Гаспар, Александра Карагирова, м-р Розалија Бошковски Лилјана Иванова, Елена Пенов, Катерина Калкова, Теа Петрушева, Андреа Ивановска, Пецо Стојановски, Ангела Мирчевска, Живка Димитровска, Стојан Андонов, м-р Ирена Стојановска, Наташа Јованоска и Емилија Трампевска. Оправдано отсуство најавија: м-р Ивана Василевска Петровска, м-р Тања Станкова- Папиќ, м-р Мери Нолчева и м-р Славица Тодорова.

Годишното собрание официјално започна во 13:30 ч. со следниот:

## Дневен ред

1. **Усвојување на записникот од годишното собрание за 2021 година**

Претседателот на МНЗА проф. д-р Владимир Трајковски го презентираше записникот од последното одржано годишно собрание за 2021 година, воедно ги потсети членовите дека истиот го добија на нивните маил адреси. Потоа членовите беа повикани да гласаат за усвојување на истиот. По гласањето, записникот едногласно беше усвоен од присутните.

2. **Прием на нови членови во МНЗА**

Во однос на втората точка претседателот објави дека оваа година има добиено три пристапници за членство и ги повика истите да се претставаат пред останатите членови- да кажат нешто за себе си и причината зошто се зачленуваат во МНЗА. Сите истакнаа дека главна причина за нивното зачленување во здружението е тоа што во текот на своето работење се сретнуваат со деца со аутизам. Нови членови на МНЗА се: м-р Ирена Стојановска, поранешен постдипломец на насоката Аутизам и интелектуална попреченост, Емилија Трампевска, дипломиран специјален едукатор и рехабилитатор и Андреа Ивановска, дипломиран психолог запишана на постдипломски студии во Единбург. По краткото претставување, следеше позитивно гласање по што претседателот им посака добредојде со надеж за плодна соработка.

### 3. Извештај за работата на МНЗА од 2022 година

Претседателот ја прогласи 2022 година како доста успешна и продуктивна за МНЗА, исполнета со многу активности и проекти. Оваа година особено беше одбележана со многу вебинари одржани од членовите на МНЗА, но и од бројни еминентни имиња од полето на аутизмологијата.

Воедно ги повика и охрабри сите присутни доколку сакаат да пишуваат трудови или да конкурираат со проекти во невладини организации и општини. Потоа сите активности од страна на претседателот беа презентирани по хронолошки редослед (прилог Извештај за работа на МНЗА-период декември 2021 година-декември 2022 година).

Во оваа точка претстедателот изрази благодарност до сите кои учествуваа во активностите и проектите, особено до Андреа Ивановска, која и покрај тоа што до сега се уште не беше официјален член на МНЗА, придонесе многу со својата активност и посветеност.

### 4.Финансиски извештај за 2021 - 2022 година

Четвртата точка се однесуваше на Финансискиот извештај за 2022 година, кој беше презентиран од страна на секретарот Весна Филиповска, која истакна дека целокупните пресметки се направени од страна на сметководителите со кои МНЗА соработува. Вкупниот приход изнесува изнесува 2.794.044,00 денари. Износот за трошоците направени во овој временски период се 1.879.030,00 денари, а остварената позитивна разлика изнесува 915.014 денари. Финансискиот извештај беше ставен на гласање, а по гласањето истиот беше усвоен од страна на присутните. Во оваа точка се произнесе и претседателот кој истакна дека сака да потенцираа дека сите хонорари се одработени од учесниците во проектот и дека сите финансии со кои располага здружението се користат доследно и соодветно без никаква злоупотреба.

Во оваа точка се произнесе и м-р Фики Гаспар кој истакна дека можеби добро би било да се најдат сметководители кои волонтерски ќе ги водат финансиите за МНЗА, а претседателот истакна дека веќе ангажирал ново сметководствено биро, кое ќе добива помал надомест за разлика од минатогодишното.

### 5. Програма за работа на собранието во 2023 година

Претседателот ја повика Александра Карагирова да ја претстави програмата за работата на собранието во текот на 2023 година.

Во текот на 2023 година Македонското научно здружение за аутизам планира да изведе повеќе активности:

- Тековни активности на Еразмус плус проектот „Достапно дигитално образование за ученици со аутизам и интелектуална попреченост: иновативни решенија и подобрување на компетенциите на едукаторите“;
- Финализација на активностите во рамките на Еразмус плус проектот „Инклузија преку социјални вештини за учениците со аутистичен спектар на нарушување и интелектуална попреченост“.

- Вклучување во активности за одбележување на меѓународниот ден на лицата со аутизам 2 април;
- Вклучување на млади членови на МНЗА во студиски посети во рамките на CUPID проектот;
- Одржување на вебинари со светски познати аутизмолози;
- Аплицирање за меѓународни проекти (преку фондови на ЕУ и др.).
- Редовно одржување на веб страницата на МНЗА и социјалните медиуми.

6. **Медикаментозен и биомедицински третман на АСН- можности за подобрување во јадровите и придружните дефицити и симптоми**
   м-р Ирена Стојановска

Во оваа точка кратка презентација имаше м-р Ирена Стојановска, запознавајќи ги присутните со добиените резултати од нејзиното истражување. По краткото излагање, бидејќи немаше прашања од присутните, претседателот и се заблагодари за корисните информации и направената презентација со која се збогати агендата на ова собрание.

7. **Разно**

Во оваа точка претседателот на здружението побара доколку сака некој од присутните да се изјасни по било кој основ. М-р Розалија Бошковски истакна дека забележува голем прогрес во работата на МНЗА во последните седум години и за разлика кога таа се зачленила пред 11 години и кога повеќето активности се волонтирале, сега се` е платено на учесниците. Исто така истакна дека проектот „Пријателски места за аутизам“ има позитивни оцени во некои од основните училишта во Македонија. Потоа, никој од присутните не се пријави на збор, Годишното собрание беше завршено со упатување на честитки за среќни празници, повеќе здравје и надеж за уште поплодна соработка во новата 2023 година. Годишното собрание заврши во 15:08 часот.

**Датум**
26.12.2022 година

**Записникот го подготви**
Весна Филиповска